
СОВРЕМЕНОСТ
списание за литература, култура и уметност
Број 1 / 2024
8 рецензии
7 прилози од млади книжевни таленти
5 прилози проза
7 прилози поезија
1 приопштување
7 интерпретации
Интерпретации
Поетска посвета од Венко Марковски
за Милан Војницајлија - Васил Тоциновски
Преведена литература
Извадок од „Плејбој на западниот свет“
од Џон Милингтон Синг
Фрагмент
До_адната книга - Стефан Марковски



# СОВРЕМЕНОСТ

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Година 79 (73) Број 1, 2024

ISSN 0038-5972

sovremenost.com

Првиот број на списанието „Нов ден“ излезе во 1945 година.
Списанието „Современост“ е негов директен наследник чиј прв број
се појави во април 1951 година.

Скопје, 2024 година

# СОДРЖИНА


**ПРОЗА**

Стефан МАРКОВСКИ, ПРИКАЗНАТА НА ПРВИОТ РАСКАЖУВАЧ (ОД „ДО_АДНАТА КНИГА“) ..... 5

Катерина МОМЕВА, ТУЃО МИСЛЕЊЕ ..... 9

Анде ЈАНКОВ, КОБАЈАШИ МАРУ (ИЗВАДОК) ..... 18

Сузи ТЕНЕВА, ПАТУВАЊЕ ..... 20

Станка БАЛЛОЗОВА БАРЛАМОВА, ЖИВИ ЛУЃЕ ..... 26

**ПОЕЗИЈА**

Марјана ТРЕНЧЕВА, МОЗАИК СО ЦАРСКИ ПЕЧАТ ..... 30

Лиле СТЕФАНОВСКА, ЧЕТИРИ КРАЛИЦИ И ЧЕТИРИ ПТИЦИ ..... 36

Тања КУЗМАНОСКА, НЕКОГАШ И СЕГА ..... 41

Виктор Б. ШЕЌЕРОВСКИ, ПЕСНАТА Е МОЕ ОРУЖЈЕ ..... 43

Адем АБДУЛАХУ, ВО ОВИЕ ВРЕМИЊА ..... 46

Марија БРНДЕВСКА, ВИСТИНАТА НА РАСПЕТИЕ ..... 51

Ангелина БАЧЕВА-ОРБОВИЌ, ЛАДНО МИ Е ..... 54

**ПРИОПШТУВАЊА**

Џон МИЛИНГТОН СИНГ, ПЛЕЈБОЈ НА ЗАПАДНИОТ СВЕТ ..... 57

**ИНТЕРПРЕТАЦИИ**

Васил ТОЦИНОВСКИ, ПОЕТСКА ПОСВЕТА ОД ВЕНКО МАРКОВСКИ ЗА МИЛАН ВОЛНИЦАЛИЈА ..... 67

Славчо КОВИЛОСКИ, ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ: МИЈАКОТ СО САБЈАТА ..... 78

Звонко ТАНЕСКИ, Мартина ТАНЕСКИ, ПОТРЕБА ОД „НОВ ХУМАНИЗАМ“ ВО АКТУЕЛНИТЕ „ДЕФИЦИТНИ СВЕТОВИ“ НА ЛИТЕРАТУРАТА ..... 81

Давор ТОЦИНОВСКИ - ВОЗДРЖАНОСТ ОД УМЕТНОСТА ..... 87

Кристина НИКОЛОВСКА, ВИСТИНА СТИХОВНА ИСПИШАНА СО КРВЈЕ ..... 96

Елена СТАНКОСКА, БИБЛИОТЕРАПИЈА И НЕЈЗИНИОТ ПОЗИТИВЕН ЕФЕКТ ..... 114

Верица МУКОСКА, ФИЛОЗОФЕМАТА КАКО ФЕНОМЕН МЕЃУ ТРАДИЦИЈАТА И ИНОВАЦИЈАТА ..... 120


**ВРЕДНУВАЊА**


Санде СТОЈЧЕВСКИ, ХЕРМЕТИЧНА ПОЕЗИЈА ВО ЗНАКОТ НА СВЕТЛИНАТА - КОН „СВЕТЛИНАТА ВО НАШИТЕ ВЕНИ" ОД СТЕФАН МАРКОВСКИ ..... 131

Славчо КОВИЛОСКИ, СО ЗАЕДНИЧКИ ПРИЗНАК НА МАКЕДОНСТВОТО ..... 136

Мишо КИТАНОСКИ, ПЕСНИ ЗА РАСТЕЊЕТО И ТИНЕЏЕРСТВОТО ..... 140

Христо ПЕТРЕСКИ, АВТОРОТ КАКО НЕВИДЛИВ, ТАИНСТВЕН И (НЕ)ЗАШТИТЕН СВЕДОК ..... 143

Васил ДРВОШАНОВ, ПЕСНИ ИЗЛЕАНИ ОД ДУШАТА ..... 147

Мишо КИТАНОСКИ, МОЌТА НА КНИЖЕВНАТА АРХЕОЛОГИЈА ..... 154

Јованка ДЕНКОВА, РОМАНОТ „СВЕТЛИНА ВО ПРАЗНИНАТА" ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ – КРИК ЗА ПОМОШ НА МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ..... 157

Снежана СТОЈЧЕВСКА, ПОМЕЃУ СОНОТ И ЈАВЕТО ..... 169



**КНИЖЕВНИ ТАЛЕНТИ** ..... 173

Михаела СТЕФАНОВСКА, ОГЛЕДАЛО ..... 174

Иво ДОНЕВ, СЛОЖУВАЛКА ..... 175

Маша ТОДЕВСКА, ВРБАТА ..... 178

Нино НАУМОВСКИ, ИНДИГО СОЛЗИ ..... 179

Методија ТАСЕВСКИ, БЕЗ НАСЛОВ ..... 180

Александра АРСОВСКА, АРХИТЕКТУРА ..... 182

Бунјамин МЕФАИЛ, ЖЕД .....

УДК 821.163.3-31(049.3)

# РОМАНОТ „СВЕТЛИНА ВО ПРАЗНИНАТА“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ – КРИК ЗА ПОМОШ НА МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Согледувајќи го огромното деструктивно влијание на дрогата и нејзината сѐ поголема распространетост меѓу младите, авторот Петре Димовски, во својот роман „Светлина во празнината“ посветува внимание на проблемот со дрогата меѓу младите, и преку животните и семејните ситуации на адолесцентката Дина, се обидува да ги пронајде причините за оваа зачестена појава меѓу младите, но и да укаже на одговорноста на возрасните (родителите, наставниците и др.) во нивните активни заложби за приближување и комуникација со младите. Зашто, се покажува дека токму комуникацијата со нив е од круцијално значење во укажувањето помош во критични ситуации.

**Вовед – за адолесценцијата и нејзините искушенија**

Адолесценцијата е период на развој кој вклучува транзиции во големи физички, интелектуални, психосоцијални и морални процеси кои ја сочинуваат личноста. Преодните фази на развој по дефиниција се периоди на нерамнотежа и турбуленции и, според тоа, полни со можности за искуства кои се поволни за развојот на личноста, но и опасни. Кризата на идентитетот на адолесцентите е таков неурамнотежен конфликт за време на кој адолесцентите ги преиспитуваат досега прифатените вредности на нивните родители и другите авторитети на возрасните пред да дојдат до збир на принципи способни да ги усогласат различните гледишта што ги карактеризираат нивните генерации и нивните родители.[42] Истражувањата спроведени од различни автори говорат дека постојат повеќе фактори кои влијаат врз адолесцентот во поглед на користењето на дрога или психотропни супстанции. Во една таква студија, авторите откриваат дека структурата на семејството има мало

[42] Diana Baumrind, Familial Antecedents of Adolescent Drug Use: A Developmental Perspective, (Во: Etiology of Drug Abuse: Implications for Prevention, Editors: Coryl LaRue Jones, Robert J. Battjes), 13-44, Department of health and human services, National Institute on Drug Abuse, Marylend, 1985.



Јованка Д. ДЕНКОВА

**РОМАНОТ „СВЕТЛИНА ВО ПРАЗНИНАТА“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ – КРИК ЗА ПОМОШ НА МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ**

Согледувајќи го огромното деструктивно влијание на дрогата и нејзината сѐ поголема распространетост меѓу младите, авторот Петре Димовски, во својот роман „Светлина во празнината“посветува внимание на проблемот со дрогата меѓу младите, и преку животните и семејните ситуации на адолесцентката Дина, се обидува да ги пронајде причините за оваа зачестена појава меѓу младите, но и да укаже на одговорноста на возрасните (родителите, наставниците и др.) во нивните активни заложби за приближување и комуникација со младите. Зашто, се покажува дека токму комуникацијата со нив е од круцијално значење во укажувањето помош во критични ситуации.

**Вовед –за адолесценцијата и нејзините искушенија**

Адолесценцијата е период на развој кој вклучува транзиции во големи физички, интелектуални, психосоцијални и морални процеси кои ја сочинуваат личноста. Преодните фази на развој по дефиниција се периоди на нерамнотежа и турбуленции и, според тоа, полни со можности за искуства кои се поволни за развојот на личноста, но и опасни. Кризата на идентитетот на адолесцентите е таков неурамнотежен конфликт за време на кој адолесцентите ги преиспитуваат досега прифатените вредности на нивните родители и другите авторитети на возрасните пред да дојдат до збир на принципи способни да ги усогласат различните гледишта што ги карактеризираат нивните генерации и нивните родители.[1] Истражувањата спроведени од различни автори говорат дека постојат повеќе фактори кои влијаат врз адолесцентот во поглед на користењето на дрога или психотропни супстанци. Во една таква студија, авторите откриваат дека структурата на семејството има мало влијание врз употребата на дрога кај адолесцентите, откако ќе се земат предвид потенцијалните посредници. Иако структурата на семејството има минимален директен ефект врз употребата на дрога кај адолесцентите, сепак структурата на семејството е значително поврзана со други четири посредници/фактори. Тие утврдиле дека родителското однесување и родителските практики се од големо значење во објаснувањето на употребата на алкохол и дрога кај адолесцентите, поточно дека родителството кое се карактеризира со позитивен одговор на потребите на децата, но исто така бара од децата да го контролираат нивното однесување (авторитативно родителство), е поврзано со поголема психосоцијална компетентност, успех на училиште и помала вклученост во проблематично однесување воопшто, и особено со помала употреба на дрога. Врсниците се уште еден важен потенцијален посредник. Истражувањето покажало дека врсниците/друштвото игра клучна улога во употребата на дрога кај адолесцентите. Општо земено, тинејџерите кои имаат врсници кои се корисници на дрога, имаат поголема веројатност и самите да бидат корисници на алкохол и други дроги. Трет потенцијално важен посредник е соседството. Соседството е важно во развојот на адолесцентите од неколку причини. Две кои се особено важни се социјалната кохезија во соседството и, второ, перцепцијата на опасностите од соседството, како што е криминалот. Четвртиот фактор кој го наведуваат овие автори е религиозноста, и утврдено е дека оние адолесценти кои имаат подлабоки религиозни верувања, полесно им одолеваат на предизвиците на дрогата. Како фактор, некои автори го наведуваат и стресот. [2]

### За романот – „Светлина во празнината“ од Петре Димовски (за влијанието на општеството, семејството, училиштето врз младите адолесценти)

Согледувајќи го огромното деструктивно влијание на дрогата и нејзината сѐ поголема распространетост меѓу младите, авторот Петре Димовски[3], во својот роман

---

[1] Diana Baumrind, Familial Antecedents of Adolescent Drug Use: A Developmental Perspective, (Во: Etiology of Drug Abuse: Implications for Prevention, Editors: Coryl LaRue Jones, Robert J. Battjes), 13-44, Department of health and human services, National Institute on Drug Abuse, Marylend, 1985.

[2] Clifford L. Broman, Xin Li, Mark Reckase, Family Structure and Mediators of Adolescent Drug Use, Journal of Family Issues, 29 (12), 1625-1649, 2008 Sage Publications, http://jfi.sagepub.com, 26.03.2023

[3] Петре Димовски е роден 1946 година во Брод, Битолско. Дипломирал на Филолошкиот факултет – Скопје (1975). По завршување средно училиште работел во Австралија. Работел како професор во Битола. Објавувал песни во списанија за деца и млади, а од 1971 г., кога е печатен „Расказот за слепиот коњ“ по конкурсот на „Нова Македонија“, работи на расказот, романот, монодрамата, патеписот, критиката. Добитник е на многу награди и признанија. Го покренал и уредува списанието „Раст“. Член е на Македонското научно друштво и Друштвото на писатели на Македонија, претседател на Битолскиот книжевен круг, зам. претседател на „Пелагонските културно – научни средби“. Ги објавил следните дела: *Преломи*, раскази, КММ 1973; *Жед и жештини*, раскази, БИД Мисирков 1994; *Пламенка*, роман, Нова зора 1996; *Резервна тајна*, роман, Наша книга 1997; *Крилја*, роман, Наша книга 1998; *Сонце во ќелијата*,

„Светлина во празнината“[4] посветува внимание на проблемот со дрогата меѓу младите, и преку животните и семејните ситуации на адолесцентката Дина, се обидува да ги пронајде причините за оваа зачестена појава меѓу младите, но и да укаже на одговорноста на возрасните (родителите, наставниците и др.) во нивните активни заложби за приближување и комуникација со младите. Зашто, се покажува дека токму комуникацијата со нив е од круцијално значење во укажувањето помош во критични ситуации. [5]

А семејството од кое потекнува младата Дина, како единствено дете во него, егзистира во времето на осамостојувањето на Македонија и транзицијата како општествено-економски процес, во кој приватизацијата на претпријатијата, нивното пропаѓање и слично, остави многу луѓе без работа. Најраните сеќавања на Дина се од детството, од кое има најубави сеќавања на родителска безусловна љубов: „Најчесто ме носеше во зоолошка градина, ме носеше во паркот, на сладолед, кога потпораснав ме поведуваше со него и на риболов, се искачувавме и на планина, игравме на убавите планински ливади, преполни со живобојни цветови од кои ги полнев двете каце со китки. ...Неретко тато ме носеше и на театарски претстави, на убави настани во библиотеката, и секогаш ми го исполнуваше сонот што се создаваше од помешаноста на желбите, копнежот и љубопитноста“ (15). Таквата светла и идилична слика е остро спротивставена на реалноста во која невработеноста на родителите, силно ги притиска мислите на Дина, но и секојдневната опстановка, во која едноличниот, сиромашен појадок е реалност: „Јади! Постојано маргарин. И некој бајат леб што мириса на мувла. Не ми се јаде, не јадам, ти кажав! Кога нема што да јадам, нема ни да јадам и така ќе одам на училиште, гладна. Сите си купуваат тостови, банички, чипс, а јас немам со што да купам и ќе ги гледам и ќе им стрвам“ (13).

И, дотогаш одличната ученичка, во знак на револт кон родителите, а пред сè, општеството, почнува да се менува. Револтот кон професорите и училиштето е првата точка каде таа ќе го манифестира своето незадоволство, особено зашто професорите се покажуваат нечувствителни за севкупната тешка економска ситуација на многу семејства, па нетактички се однесуваат кон учениците: „Да одам гладна? Да ми кркорат цревата. Сите да гледаат во мене. Професорот да ми рече, што е тоа кај тебе, се води некоја војна, Дина? Како што ѝ рече на онаа една Јаглика. Таа се расплака од тоа и си замина од час. Два дена еве ја нема на час“ (12-13). Разочараноста на Дина од училиштето е подзасилено, откако ја согледува и социјалната неправда и нееднаквост: „А што разлика има учен, неучен? Што корист имаш ти од факултетот што си го завршила? Во истата провалија си и со тие што не учеле. И, не. На Ненка татко ѝ ништо не завршил, бил тиквар и со тоа се фали, а пари му паѓаат од сите страни. Вози луксузна кола, Ненка е најдотерана на училиште, за јадење си го купува најубавото. Твојата формула е грешна, мамо. Затоа и јас страдам“ (20). Мачната атмосфера во семејството донесува и кавги, но и алкохолизмот на таткото, кој ќе ги „испие“ последните пари, наменети за леб: „Ако не фрлев две-три чашки, ќе ме удреше дамлата. Беа лек. Парите

---

роман, Матица 2000; *Ни свој*, монодрами, Матица 2002; *Црната мачка*, раскази, Култура 2002; *Балканскиот ѓавол*, роман, Феникс 2004; *Големата авантура*, роман, Врв 2007; *Потрага по корените*, роман, Дијалог 2008. Добитник — на Наградата *4 ноември* за збирката раскази *Жед и жештини*,на Првата награда на *БИД Мисирков* за романот *Пламенка*, Наградата на *Фестивалот на монодрамата* за монодрамите *Ни свој*, Наградата *Тренд* на ИК Феникс за романот *Балканскиот ѓавол*, наградата *Ванчо Николески* на Друштвото на писателите на Македонија за романот *Големата авантура* и наградата на *ТВ Орбис*.

[4] Петре Димовски, Светлина во празнината, Битолски книжевен круг, Битола, 2012.

[5] Patricia Noller, Victor Callan, The Adolescent in the Family, Routledge, 2015, https://books.google.mk, 26.03.2023

ги дадов за леб...Ќе најдам денес некоја работа, ќе извадам да се прехраниме. Мене ракијата ми е лек, таа ме одржува во животот. Ја почувствував потребата од неа од денот кога останав без работа...Не можам без чашка. Ќе се задушам ако не истурам некоја во грлото“ (18). Голем број студии за поврзаноста помеѓу родителскиот алкохолизам и тешкото малтретирање на децата - т.е. физичко малтретирање, сексуална злоупотреба или занемарување кое бара отстранување на детето од домот со судски налог - открива значајна претерана застапеност на алкохолизам кај родителската популација.[6] Во случајот со таткото на Дина, и самиот чин на „испивање“ на последните финансиски средства дома, заради што детето останува гладно, кај Дина ќе всади чувство на отфрленост, непотребност, чувство дека им е товар на родителите, што го потврдуваат и сѐ позачестените кавги во домот: „Од устата излегуваа само лошите зборови. Прекори, закани, арогантност. Кога плачеше мама, тато беше бесен. Ќе лупнеше нешто, ќе поместеше од местото и бегаше низ вратата. Потоа долго останувaше надвор. Се враќаше само за кавга. Се враќаше да нападне, да се изразвика, за сѐ вината да ја истури дома“ (20).

Истражувањата покажале и дека во семејствата во кои таткото е алкохоличар, се појавуваат неколку проблематични точки кај децата и младите: (а) хиперактивност и нарушување на однесувањето; (б) злоупотреба на супстанци, деликвенција и отсуство од училиште; (в) когнитивно функционирање; (г) социјална несоодветност; (д) соматски проблеми; (ѓ) анксиозност и депресивни симптоми; (е) физичка злоупотреба; и (ж) дисфункционални семејни интеракции.[7] Чувствувајќи се занемарена, особено кога по целоноќното отсуство од дома, Дина осознава дека родителите воопшто и не забележале дека е отсутна, нејзиното однесување почнува да се менува – во училиштето и во домот: „Ми стана поболна вистината дека никој не го забележува моето присуство, како воопшто за нив да не постојам, како да се изгубила мојата телесна маса а не се обидуваат да ме пронајдат...“ (25); „Сакав да сум надвор од домот кој ме гушеше... Откривав дека само така можам да дишам. Колку повеќе лутав, во толку повеќе сфаќав дека ми треба слободата. И постојано ја барам. За мојата несреќа што ја имам наоѓав двајца виновници. Тоа беа мама и тато. Мислам дека им станав товар. Тежок неснослив товар. Ќе начуев во нивните кавги дека тие се караат – за мене“ (21).

Зборувајќи за желбата кај младите да бидат прифатени од врсниците, може да се потенцира дека односите со врсниците се важен показател за моменталната состојба на детето социјална компетентност и психосоцијално приспособување. Воспоставувањето односи со врсниците претставува главна развојна задача на предадолесценцијата и адолесценцијата.[8] Единственото место каде Дина се чувствува како меѓу своите е новото друштво, кое зачудувачки брзо ја прифаќа: „Ја имав среќата Чакал најпрва да ме прифати во неговото друштво. Ете тој Чакал имаше другари и од повисоките училишта“ (39).

Една од централните структурни карактеристики на најчитаните романи за адолесценти е обликувањето на ликот на адолесцентите во рамките на врсничката заедница. Товарот да се биде интегриран во општеството може силно да влијае на

---

[6] Richard Famularo, Karen Stone, Richard Barnum, Robert Wharton, Alcoholism and severe child maltreatment, American Journal of Orthopsychiatry**,** Volume56, Issue3, July 1986, Pages 481-485. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/epdf/10.1111/j.1939-0025.1986.tb03480.x, 27.03.2023

[7] West, M. O., & Prinz, R. J. (1987). Parental alcoholism and childhood psychopathology. *Psychological Bulletin*, *102*(2), 204–218. https://doi.org/10.1037/0033-2909.102.2.204

[8] Sullivan, H.S. (1953). The interpersonal theory of psychiatry. New York: Norton. (кај Kathryn Vannattaa, Maria A. Gartsteinb, Meg Zellerc, and Robert B. Noll, Peer acceptance and social behavior during childhood and adolescence: How important are appearance, athleticism, and academic competence? International Journal of Behavioral Development, 2009, 33 (4), 303–311, http://www.sagepublications.com, https://www.researchgate.net/profile/Maria-Gartstein/publication/247779571, 30.03.2023)

самодовербата на адолесцентите. Затоа, врсниците станувааат сè за адолесцентите за време на нивното растење и, особено за време на тинејџерските години. Со развојот на сопствениот идентитет, адолесцентите се осамостојуваат од своето семејство, а потребата за припадност и потврда во групата на врсници станува сè посилна. Во рамките на групата врсници, адолесцентите бараат потврда за сопствениот идентитет. Тие добиваат потврда за идентитетот споредувајќи се со другите во рамките на нивната група врсници. Ако сфатат дека се издвојуваат од друштвото, тие ќе го прилагодат сопствениот идентитет на вредностите што преовладуваат во нивната врсничка група, по што се случува асимилација. Поточно кажано, адолесцентите ги прифаќаат правилата, нормите, вредностите или јазикот на групата, дури и ако тие се против нивните сопствени принципи. Влијанието на врсниците може да биде позитивно во секоја смисла, но, исто така, утврдено е дека влијанијата од врсниците се меѓу најсилните предиктори за употреба на дрога за време на адолесценцијата.[9] Истражувањата потврдуваат дека токму врсниците ги иницираат младите кон дрогата, обезбедуваат дрога, моделираат однесувања за користење дрога и обликуваат ставови за дрогата.[10] Младата Дина од романот на Димовски, заради преголемата желба да влезе во светот на возрасните, забавите, дискотеките, пројавува интерес кон пробување на дрога уште при првото излегување во дискотека: „Отворените дланки ни топореа некакви бели погачички, со сигурност можеа да се прифатат како апчиња, а гласовите на дечките што ги нудеа откриваа дека тоа се нешто друго, или вешто завиткани во нешто друго: „Ајде, бонбончиња! Повелете, за проба! Земете си бесплатно! Гратис од нас! Ја подадов раката да земам едно, можеби и повеќе, бев примамена и од нивниот изглед и од понудата на дечките“ (32). „Мирисот на џоинтот ми ги рашири градите. Набргу запаливме сите и дувавме кон небото. Капак се фикса со шприцот што го пронашол некаде. Имаше и да се шмркне.“ (41). Првиот чекор кон дрогата, во тој момент ќе биде спречен од постарата сестра на другарката: „Мори будалче! Ќе земеш?! Тоа е дрога. Знаеш што е дрога? Тоа е многу опасна дрога“ (33). Исто така, опасноста ги демне младите девојки при нивните излегувања: „Еден дечко ни донесе сокче во чаша, ни рече дека тој нè части и бевме возбудени и трогнати што некој мисли на нас...“ Наивноста на Дина и другарките е сосема разбирлива со оглед на нивното неискуство: „Сум го видела повеќе пати дечкото што ви ги донесе чашите како неискусните ги пречекува со гратис во сокот. Тоа не е сок, но коктел од сок и за вас непознати состојки. Ќе го испиете и ќе си ја земете белјата. Пак ќе побарате. Додека да ве ставаат во мрежата“ (34). За жал, влијанието на друштвото на Дина е посилно од сите предупредувања и набргу таа ќе се најде во вителот на дрогата, марихуаната и разни психотропни супстанци кои предизвикуваат халуцинации: „Ѕвездите во својот обид да разгорат, се раздвижија, потемнеа и низ просторот разлетаа црни бумбари. Бамбус се бранеше од долгоногите пајаци што му шетаа по телото, а јас летав. Летав високо над сите и се смеев како грмотевица што се раскршува по небото“ (41-42). Не поминува долго време пред да

---

[9] Helena Fuček, Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013. godine, Diplomski rad, Zagreb, travanj 2014, SVEUČILIŠTE U ZAGREBU HRVATSKI STUDIJI. https://dabar.srce.hr/en/islandora/object/hrstud%3A76, 30.03.2023

[10] Oetting, E. R.. & Beauvais, F. (1986). Peer cluster theory: Drugs and the adolescent. Journal of Counseling and Development, 65, 17-22 (кај Albert D. Farrell and Kamila S. White, Peer Influences and Drug Use Among Urban Adolescents: Family Structure and Parent-Adolescent Relationship as Protective Factors, Journal of Consulting and Clinical Psychology, 1998, Vol. 66. No. 2,248-258, https://www.researchgate.net/profile/Kamila-White-2/publication/292367956, 30.03.2023)

вкуси и дрога преку фрлен, валкан шприц и среде ѓубриштето во разурната зграда: „Чакал со запалка го вжешти лимот и мастрафот се растопи. Шприцот што го најде фрлен во ѓубриштето, го наполни и се боцна со иглата. Сакав и мене да ме боцне...Посакав да бидам како него. Чакал ми ја сврте раката, јас замижав и ми ја забоде иглата од шприцот. Не реков ни збор, не пуштив ни глас. Пребледната сум паднала во ѓубрето“ (60).

Со процесот на почестото користење на дрога, кај Дина се забележуваат првите промени во нејзиното однесување, кон родителите, кон наставниците и во училиштето, сѐ почестото отсуство од часови, па дури прибегнува и кон девијантни појави, како цртање графити со друштвото, демолирање на вагонот во возот, а како најпоказателна е епизодата со злоупотреба на паричните средства кои ги собира од цел клас: „Најпрво од тие пари почнав да земам дел за себе, зашто неодложно ми притребуваа. Потоа се сетив да отпишувам ученици кои ми платиле и да ги прикажувам дека не си ја исполнитле бврската, а парите да си ги прикријам за себе...Станав вешта во откривање кои деца се заборавни, кои не паметат дека ми платиле или не ми платиле, кои не водат сметка за тоа, па ми плаќаа по втор пат. Потоа потребата ме тераше да ги трошам сите пари со друштвото кога одевме на специјалните тајни излети“ (43).

Лагите стануваат нејзино секојдневие. Многубројните студии на оваа тема покажуваат дека со конзумацијата на полесни droги како марихуаната, по што во најголем број случаи се преминува и на потешки дроги, неизоставно се менува и однесувањето на консументот-адолесцент, како пушење, пиење алкохол, бегање од часови, девијанти појави и активности, како кражби на лекови од аптеки, кражби по домови, опаѓање на успехот, нарушување на дотогашниот успех во училиштето и добивање на слаби оценки итн. [11]

И кај Дина ќе се препознаат скоро сите овие појави: бегање од училиште и лажење за причините за истото, некогаш одличниот успех многу брзо се преобразува во слаб успех, обвинување на професорите за слабиот успех и омраза кон нив: „Им се потсмевав веднаш штом ќе влезеа на часот. Тоа го заслужија. Оваа ми изгледа како свиња, си велев. Еве, чурилката ѝ е иста, мисли само на јадење, како ќе ја наполни. Овој е штрклест, слаб и долг, штрк“ (91). Омаловажувачкиот однос кон професорите има и своја позадина, како што е епизодата во кога директорката на училиштето на гротескнен начин ја обвинува продавачката во дуќанчето во училишниот двор за сликичките кои учениците ги лепат по клупите. Согледувајќи ја нивната превртлива природа во која единственото што ги засега во тој тежок транзициски период е сопствениот интерес, Дина губи секаква почит за нив.

Употребата на дрога и деликвенцијата делат многу заеднички претходници рано асоцијално однесување, тешкотии во училиште, нарушени семејни односи, деликвенти или врсници кои користат дрога и бунтовност.[12] Оттука, читателот не е зачуден и од една друга негативна појава што постои во животот на Дина, како израз на нејзината бунтовност– емотивната врска со професорот по физичко. Причината за врската со овој професор може да се најде и во фактот што Дина ги мрази професорите и се обидува да ги дискредитира на секаков начин, па неизбежно се поставува прашањето дали оваа нејзинат „забранета“ врска не е одраз на желбата да им се одмазди? Во прилог на овој факт е и нејзиното постојано настојување да ја пробалбочи нивната врска и во сексуална смисла, што професорот вешто го избегнува. Иако тој постојано поставува услов за тоа (да престане со конзумација на дрога), сепак, не презема ништо за да ѝ помогне. Оттука,

---

[11] Denise B. Kandel, Ronald C. Kessler and Rebecca Z. Margulies, Antecedents of Adolescent Initiation into Stages of Drug Use: A Developmental Analysis, Journal of Youth and Adolescence, Vol. 7, No. 1, 1978.

[12] Hays, Ron D., and Phyllis L. Ellickson, Associations between drug use and deviant behavior in teenagers, *Addictive Behaviors* 21, no. 3 (1996): 291-302., https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED404602.pdf, 30.03.2023

наидувајќи на незаинтересираност кај родителите и наставниците, Дина преминува во една друга, покриминогена фаза, кога дрско решава да ги уценува професорите за подобри оценки: „Исчекав да е сам. Професорот по хемија. Шпиритус. Да е сам во кабинетот. Влегов кај него... Градите ги имав надигнато и сега ги надавав кон Шпиритус. Таман тој сакаше да го избегне гледањето, за да се заштити од провокацијата, јас божем изгубив рамнотежа...Шпиритус за миг се збунува, потоа дејствува инстинктивно, ме фаќа за да ме задржи, ме прегрнува со двете раце ...и, јас се исправам, му ги внесувам градите во лицето, а мобилниот ми е во слободната рака. Фотографирам. Потоа го оттурнувам, божем крајно изненадена и испаничена од неговиот напад...Професоре, ве сликав! –му довикувам и бегам...Блефирав. воопшто не проверив дали ја фатив целта, или го сликав – ѕидот. Но тој тоа не го знаеше. Стравот го тераше целосно да верува во опасноста што му претстои со фотографијата што е во мојот мобилен...Мажето не знам какви сè молби, закани, уцени, поткупи употреби, но се најави враќањето на петките“ (93-95).

Покрај уцените, Дина ќе биде сведок на кражбите на другарите во моменти на криза, кражби како на аптеки, така и на домови и малтретирање на стари лица. Во еден миг на криза, и самата Дина го испревртува домот на својата братучетка Маченце, сомневајќи се дека и таа крие дрога. Паѓајќи сè подолу, Дина ќе биде сведок и на сè поизвесниот крај на нејзиното друштво - конзументи на дрога, кои, еден по еден, трагично го завршуваат својот живот, редовно од предозираност: „Се предозирал. Пискул беше повратник наркоман. Примил преголема доза во гладот за дрога што неговиот организам не можел да ја издржи. Стигнал до клупата во паркот, поблиску од тоа не можел. Тука ја изгубил сета сила, сè што му оставило минатото и во сè што се надевал во иднината... Во нашето друштво не знаевме дека е наркоман. Ние се откривавме, а тој се прикривал.“ (110-111). Наодите од многу студии илустрираат загрижувачко зголемување на смртноста кај адолесцентите поради ненамерно предозирање и синтетички опијати. Иако смртните случаи од ненамерно предозирање се штета за сите членови на општеството, стапката на смртност расте побрзо кај адолесцентите на возраст од 10-19 години отколку во која било друга старосна група.[13] Оттука, настојувањето и обидот на авторот Димовски со овој роман е за поздравување, зашто се обидува на младите да им приближи книга за настани во кои несакајќи можат да се најдат. Слична судбина како Пискул, ќе има и Бамбус: „Бамбус умре истиот ден. Истата ноќ... На најблиската скалила до својот праг. Вечерта рече дека тоа му е последното искушение и ќе ја има цврстината да се раздели со порокот кој две години го држи окован. Ќе ги раскине прангите и ќе се ослободи од оковите....Така веруваше Бамбус. Или барем така верувавме ние последни што го слушавме неговиот збор. Утрото го најде мајка му. Легнат на прагот. Ја искачил последната скалила пред куќата и легнал пред прагот на својот дом“ (117). Адолесцентите се изложени на поголем ризик од смрт од употреба на супстанции поради зголемено однесување на ризик, недостаток на искуство, пониски нивоа на толеранција и оптимистичка пристрасност дека се непобедливи за предозирање.[14] Конечно, по смртта на братучетката Маченце, кај Дина

[13] Hermans, Sarah Perou, Jennifer Samiec, Alexander Golec, Candice Trimble, Julie Teater, and Orman Trent Hall. "Years of Life Lost to Unintentional Drug Overdose Rapidly Rising in the Adolescent Population, 2016–2020." *Journal of Adolescent Health* 72, no. 3 (2023): 397-403.**)** https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1054139X22005420**,** 31.03.2023

[14] K.M. Peavy, C. Banta-Green, Addictions, Drug & Alcohol Institute, University of Washington. Understanding and supporting adolescents with an opioid use disorder (Кај: Hermans, Sarah Perou, Jennifer Samiec, Alexander Golec, Candice Trimble, Julie Teater, and Orman Trent Hall. "Years of Life Lost to Unintentional Drug Overdose Rapidly Rising in the Adolescent Population, 2016–2020." *Journal of Adolescent*

настанува преобразба: „Маченце ја најдов. Толку ми недостигаше до овој миг, а сега сум со неа и ја држам во својата прегратка. Мојата најверна другарка Маченце. Мојата единствена другарка. Моето огледало. Моето скршено огледало“ (146).

Патот на нејзината преобразба и новопронајдена надеж во животот, на Дина ѝ ја враќа токму еден од професорите – Филозофот. Некогашниот професор по литература, кој во минатото ја мотивирал да пишува поезија, моментално изолиран во училишната библиотека, е единствениот човек кого Дина го почитува и му се доверува во детали. Тој е онаа спасоносна фигура кој цело време ќе ја слуша Дина, која има очајна потреба од тоа, дискретно ќе ја советува, како оној лик на белобрад старец од сказните: „Кон него се однесував со голема почит. Со целата моја доверба. Ми беше авторитет, беше мил, ми беше почитуван како родител. Секогаш кога ќе се најдев пред некој проблем или стравував дека ќе се најдам, ме ослободуваше уверувањето дека ако не можам да го разрешам, ќе побарам помош од Филозофот...Тајната што никому не му ја признавав, и можеби не си ја признавав ни пред себе, ја разоткрив пред него уште при првиот разговор...Многу често го сонував Филозофот. Секогаш кога бев во неволја го сонував. Кога ми требаше заштита го сонував. Го сонував кога ми требаше пат. Кога ми требаше совет. Кога не знаев што да правам со себе. Тој знаеше сè. Умееше сè. Неговиот збор веднаш ми ја симнуваше тагата, ми ја враќаше довербата, ми ја зајакнуваше храброста“ (48-50).

И како таков лик-помошник, Филозофот ќе биде човекот кој ќе ја мотивира Дина, преку поезијата во која ќе ги излее своите чувства пред професорите: „Во ехото на ѕидовите го препознав својот глас кој силно удри во мене и ме понесе низ просторот. Потоа летаа птици, подземаше повев на топол ветар и нежни пеперутки слетуваа на отворените цветови“ (151)

Повторно да им се приближи на луѓето „А во видикот препознавам ликови со насмевки, со топла светлина во очите, со милозвучен глас во срцата. Препознавам дека сите тие ликови се вратени од времето и ме пронашле да се спојат со мене во овој миг, отворен кон иднината. Силна светлина блесна во празнината и ме осветли. Ме исполни желба тоа трајно да остане во мене. По желбата дојде ветувањето. Во кое цврсто поверував. Додека се враќам дома чувствувам отворена празнина за изгубените во која останал дел од мене“ (152)

**Заклучок**

Романот „Светлина во празнината“ од Петре Димовски отвара многу значајна тема за општеството како целина. Овој адолесцентски роман, во кој главната хероина е адолесцентката Дина која запаѓа во „лошо“ друштво во кое се конзумира дрога, и самата ќе биде навлечена на неа, почнувајќи од полесни, па движејќи се кон потешки дроги.

Нејзината опсесија со марихуана ќе се претвори во зависност, која значително се одразува врз целокупното нејзино живеење и функционирање во домот и училиштето. Семејните односи во домот се сосема заострени, а не е подобра и нејзината позиција со професорите во училиштето.

Но, авторот не ја обвинува Дина за нејзината ситуација. Нејзината вина може да се побара единствено во нејзината преголема желба да порасне побргу, да искуси што повеќе од животот. Причините за состојбата во која ќе се најде Дина и многу други млади луѓе кои таа всушност ги симболизира, се многу подлабоки. Тие се согледуваат во општествено-економските и политички движења во државата, кои доведуваат до економска криза и распаѓање на фирмите и создавање на огромен број невработени во

---

*Health* 72, no. 3 (2023): 397-403.**)** https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1054139X22005420**,** 31.03.2023

времето на танзицијата во нашата земја. Невработеноста како огромен социјален проблем, силно се одрази врз самата структура на семејствата и нивните членови. Во романот, Дина ги опишува своите родители преку својата гледна точка: „Татко ми Бог, откако оној недоносениот Ридак го избрка од фабриката, го направи стечаец, само по контејнерите чепка и само шишето ракија го бара. А мајка ми Ирена, откако ја извадија технолошки вишок, и на прав пат паѓа, како пијана кокошка. Тие не знаат ни дека сум жива, а не каде учам, каде одам, што земам и со кого се дружам“ (53-54). Тешката економско-социјална состојба во семејството ќе ги одалечи родителите од Дина, и тие стануваат потполно незаинтересирани за неа, што од друга страна, ќе биде ризик фактор кој ќе ја приближи до ризично друштво. Сепак, благодарение на професорот – Филозофот, но и навремената реакција на родителите кои ја пријавуваат незаконската врска на наставникот со нивната ќерка, по што тој ќе биде санкциониран, Дина се враќа на вистинскиот пат, на патот на животот.

## Користена литература


1. Baumrind, Diana, Familial Antecedents of Adolescent Drug Use: A Developmental Perspective, (Во: Etiology of Drug Abuse: Implications for Prevention, Editors: Coryl LaRue Jones, Robert J. Battjes), 13-44, Department of health and human services, National Institute on Drug Abuse, Marylend, 1985.
2. Broman, Clifford L, Li, Xin, Reckase, Mark, Family Structure and Mediators of Adolescent Drug Use, Journal of Family Issues, 29 (12), 1625-1649, 2008, Sage Publications, http://jfi.sagepub.com, 26.03.2023
3. Farrell, Albert D. and White, Kamila S., Peer Influences and Drug Use Among Urban Adolescents: Family Structure and Parent-Adolescent Relationship as Protective Factors, Journal of Consulting and Clinical Psychology, 1998, Vol. 66. No. 2,248-258, https://www.researchgate.net/profile/Kamila-White-2/publication/292367956, 30.03.2023)
4. Famularo, Richard, Stone, Karen, Barnum, Richard, Wharton, Robert, Alcoholism and severe child maltreatment, American Journal of Orthopsychiatry, Volume56, Issue3, July 1986, Pages 481-485. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/epdf/10.1111/j.1939-0025.1986.tb03480.x, 27.03.2023
5. Fuček, Helena, Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013. godine, Diplomski rad, Zagreb, travanj 2014, SVEUČILIŠTE U ZAGREBU HRVATSKI STUDIJI. https://dabar.srce.hr/en/islandora/object/hrstud%3A76, 30.03.2023
6. Hays, Ron D., and L. Ellickson, Phyllis, Associations between drug use and deviant behavior in teenagers, *Addictive Behaviors* 21, no. 3 (1996): 291-302., https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED404602.pdf, 30.03.2023
7. Hermans, Sarah Perou, Samiec, Jennifer, Golec, Alexander, Candice Trimble, Julie Teater, and Orman Trent Hall. "Years of Life Lost to Unintentional Drug Overdose Rapidly Rising in the Adolescent Population, 2016–2020." *Journal of Adolescent Health* 72, no. 3 (2023): 397-403.) https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1054139X22005420, 31.03.2023
8. Kandel, Denise B., Kessler, Ronald C. and Margulies, Rebecca Z., Antecedents of Adolescent Initiation into
Stages of Drug Use: A Developmental Analysis, Journal of Youth and Adolescence, Vol. 7, No. 1, 1978.
9. Noller, Patricia, Callan, Victor, The Adolescent in the Family, Routledge, 2015, https://books.google.mk, 26.03.2023
10. Oetting, E. R.. & Beauvais, F. (1986). Peer cluster theory: Drugs and the adolescent. Journal of Counseling and Development, 65, 17-22 (кај Albert D. Farrell and Kamila S. White, Peer Influences and Drug Use Among Urban Adolescents: Family Structure and Parent-Adolescent Relationship as Protective Factors, Journal of Consulting and Clinical Psychology, 1998, Vol. 66. No. 2,248-258, https://www.researchgate.net/profile/Kamila-White-2/publication/292367956, 30.03.2023)
11. Peavy, K.M., Banta-Green, C., Addictions, Drug & Alcohol Institute, University of Washington. Understanding and supporting adolescents with an opioid use disorder (Кај: Hermans, Sarah Perou,

Jennifer Samiec, Alexander Golec, Candice Trimble, Julie Teater, and Orman Trent Hall. "Years of Life Lost to Unintentional Drug Overdose Rapidly Rising in the Adolescent Population, 2016–2020." *Journal of Adolescent Health* 72, no. 3 (2023): 397-403.**)** https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1054139X22005420**,** 31.03.2023

12. Sullivan, H.S. (1953). The interpersonal theory of psychiatry. New York: Norton. (кај Kathryn Vannattaa, Maria A. Gartsteinb, Meg Zellerc, and Robert B. Noll, Peer acceptance and social behavior during childhood and adolescence: How important are appearance, athleticism, and academic competence? International Journal of Behavioral Development, 2009, 33 (4), 303–311, http://www.sagepublications.com, https://www.researchgate.net/profile/Maria-Gartstein/publication/247779571, 30.03.2023)
13. Vannattaa, Kathryn, Gartsteinb, Maria A., Meg Zellerc, and Robert B. Noll, Peer acceptance and social behavior during childhood and adolescence: How important are appearance, athleticism, and academic competence? International Journal of Behavioral Development, 2009, 33 (4), 303–311, http://www.sagepublications.com
14. West, M. O., & Prinz, R. J. (1987). Parental alcoholism and childhood psychopathology. *Psychological Bulletin, 102*(2), 204–218. https://doi.org/10.1037/0033-2909.102.2.204
15. Димовски, Петре, Светлина во празнината, Битолски книжевен круг, Битола, 2012.